Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Национална установа-Institucioni Nacional
МУЗЕЈ - MUZEU
КУМАНОВО-KUMANOVË
Примено / Pranuar: 30.03.2020
Орг. един. / Njesia Org: 03 | Број / Numri: 134 | Прилог / Bashkëngjitje: | Вредност / Vlera:

Архивски знак: ______
Рок на чување: ______ год.
______ 20___ год.
Потпис, ______

# ЗАПИСНИК
## за извршен инспекциски надзор

Ип 1 бр. 57-8
Датум: 21.4.2020 година

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | Национална установа – Музеј - Куманово |
| Седиште/адреса на субјектот | |
| Адреса за е-пошта | |
| Телефон | |
| Матичен број на субјектот | |
| Даночен број на субјектот | |
| Број на жиро сметка на субјектот | |
| Банка депонент | |

Одговорно лице на субјектот:

| | | |
|---|---|---|
| Име и презиме:<br>вршител на должноста директор | Телефон | Е-пошта<br>muzejkumanovo@yahoo.com |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | 1. РЕДОВЕН | 2. ВОНРЕДЕН | <u>3. КОНТРОЛЕН</u> | |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 16.4.2020 г. | Време на почеток на инспекцискиот надзор | 11.30 | |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 20.4.2020 г. | Време на завршување на инспекцискиот надзор | 13.30 | |
| Назив на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | Национална установа – Музеј– Куманово | | | |
| Главна дејност на објектот- | Дејности на музеите (шифра 91.02) | | | |


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

| | |
|---|---|
| инсталацијата каде се врши надзорот | |
| Адреса на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 50, Скопје (простории на Секторот за управен и инспекциски надзор, поради прогласената вонредна состојба во РСМ ) |

3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на: Записникот за извршен редовен инспекциски надзор Ип 1 број 57-8 од 4.2.2020 г. и Решение со наредба Ип 1 број 57-8 од 7.2.2020 година.

4) Инспекцискиот надзор е извршен од: Сабина Синан, главен инспектор – раководител на Секторот за управен и инспекциски надзор во Министерството за култура на РСМ.

Предмет на контролниот инспекцискиот надзор е со цел да се утврди дали Национална установа –Музеј од Куманово, по истекот на рокот определен во инспекцискиот акт има постапено по Решението Ип 1 бр. 57-8 од 7.2.2020 г., донесено од инспекторот за култура, а со кое што на Национална установа – Музеј – Куманово, застапувана од вршител на должноста директор и е наредено да ги отстрани неправилностите во работењето утврдени со Записникот од извршен редовен инспекциски надзор Ип 1 бр. 57 – 8 од 4.2.2020 година, од аспект на примена на Законот за музеите („Сл. весник на РМ“ бр. 66/2004, 89/2008, 116/10, 51/11, 88/15 и 152/15), и подзаконскиот акт - Правилник за формата, содржината и начинот на водење на влезната книга, книгата на инвентар, излезната книга, картотеката и другите видови на музејска евиденција и музејска документација („Сл. весник на РМ“ бр. 72/2006).

5) Во извршувањето на овој инспекциски надзор: не се употребени листи за проверка од причина што е во прашање контролен инспекциски надзор.

6) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| | | muzejkumanovo@yahoo.com |

7) За време на извршувањето на контролниот инспекциски надзор учествуваше в.д. директорот на Национална установа – Музеј - Куманово.

8) Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на претставникот на субјектот на надзор му ги презентира целите и предметот/опфатот на контролниот инспекциски надзор и му ги објаснија правата и обврските на субјектот надзор.

9) Во инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдената фактичка состојба:

По однос на т. 1 од издаденото Решение со наредба „Основната музејска евиденција да се води на начин пропишан со членовите 2 и 3 од Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на влезната книга, книгата на инвентар, излезната книга, картотека и другите видови на музејска евиденција и музејска документација, преку соодветна компјутерска програма, а согласно со член 20 ставовите (1) и (2) од Законот за музеите“, според изјавата на в.д. директорот на Музејот по извршениот редовен инспекциски надзор е продолжено со употреба на постојната компјутерска програма (софтвер), но со соодветно ажурирање и употреба на базата на податоци од страна на стручно лице, со забелешка дека е потребна унификација/уедначување на компјутерските програми, што во моментов ги користат музеите и заводите во државата.

По однос на т. 2 од издаденото Решение со наредба „За постојните записи од основната музејска евиденција да се направат исписи на хартија на листови, коишто треба да се заверат со потпис на овластеното лице и печат на Музејот согласно со член 2 став (2) од Правилникот, а листовите да се подврзат во тврдо укоричени музејски книги под услов и начин утврден согласно со член 3 став (1) од истиот Правилник, а во врска со член 20 ставовите (1) и (2) од Законот за музеите“, извршен е увид во првите и последните исписи од основната музејска евиденција за периодот од 2014 до 2018 г. (Влезна книга на музејскиот материјал, Книга на инвентар, односно инвентарна книга на музејските предмети Излезна книга на музејскиот материјал и музејските предмети и Книга за изложби), при што е утврдено дека истите се соодветно заверени со потпис на одговорното лице и печат на Музејот, а според изјавата на присутното лице како и сите останати исписи од основната музејска евиденција. Исто така, според изјавата на присутното лице по завршувањето на вонредната состојба листовите, односно


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

исписите ќе бидат и подврзани во тврдо укоричени музејски книги под услов и начин утврден согласно со член 3 став (1) од Правилникот.

По однос на т. 3 од издаденото Решение со наредба, според изјавата на присутното лице стручната обработка на целокупниот музејски материјал се врши во рок од две години од денот на неговото запишување во влезната книга до денот на неговото евидентирање во книгата на инвентар согласно со член 20 став (5) од Законот за музеите, со одредени исклучоци поради објективни причини и тоа поради недостиг на потребниот стручен кадар во Музејот, потребата од соодветна техничка и стручна обработка и друго, со напомена дека согласно со задолженијата, препораките и мерките донесени од страна на Владата на РСМ поради прогласената вонредна состојба во државата, работниот процес во Музејот се одвива во смени.

По однос на т. 4 од издаденото Решение со наредба „Музејските материјали и музејските предмети, што не се во сопственост на Музејот, да се евидентираат во дополнителната музејска евиденција - Книгата за чување на музејските материјали што не се во сопственост на музејот, во којашто согласно со членовите 18 и 19 од Правилникот, се впишуваат податоци за материјалите и предметите што од страна на сопственикот или друго ополномоштено лице се предадени на музејот со цел привремено или трајно чување", според изјавата на присутното лице во моментот во Музејот не се чуваат музејските материјали и предмети, што не се во сопственост на Музејот.

Додека, согласно со обврската од член 21 од Законот за музеите и Правилникот за начинот на вршење на ревизија на музејските предмети („Сл. весник на РМ" бр. 35/16), за вршење на редовната ревизија на музејските предмети најмалку на секои пет години, заради утврдување на нивната состојба и потребата за преземање на соодветни мерки за нивна ефикасна заштита, а со цел спроведување на редовната петогодишна ревизија на музејските предмети во Музејот и согласно со Одлуката на Управниот одбор бр. 02-153 од 3.5.2018 г., по спроведениот редовен инспекциски надзор во Музејот извршена е ревизија на археолошките музејски предмети од збирките праисторија, антика, среден век и нумизматика, за што при надзорот на увид е презентиран Извештај бр. 03-80 од 28.2.2020 година, за извршената ревизија од страна на Комисијата во состав на вработените [redacted] ко претседател), [redacted] и [redacted] (како членови). Според извештајот ревизијата е извршена над археолошките предмети во Постојаната музејска поставка, лапидариумот, депоата и во М.Ц. „АСНОМ" во Пелинце, со прекини во периодот од 26.3.2018 г. до м.

февруари, 2020 г., поради ангажманот на кустосите во вонпрограмските активности на Општината Куманово, по повод јубилејот „50 години Куманово", како и по повод „55 години Музеј Куманово". При ревизијата е утврдено дека археолошката збирка располага вкупно со 1.766 музејски предмети, од кои 771 предмет се изложени, а 995 се депонирани. Воедно, во Извештајот е наведено дека 16 праисториски и 5 антички предмети се наоѓаат во Постојаната музејска поставка во НУ-Археолошки музеј на РСМ-Скопје, за што е извршено записничко примопредавање на предметите, како и дека на вкупно 125 предмети треба да се изврши понатамошен заштитен третман, а вкупно 27 предмети да се отпишат поради неможноста да бидат третирани поради нивната лоша состојба.Според изјавата на присутното лице, во тек е ревизијата на музејските предмети од историското одделение, одделението за историја на уметност и етнолошкото одделение, но работата поради вонредната состојба се одвива со забавено темпо и во отежнати услови.

Инаку, субјектот на инспекцискиот надзор по истекот на рокот определен за извршување на изречената инспекциска мерка, со Допис бр. 03-125 од 2.4.2020 г., писмено го има известено инспекторот дека е извршена инспекциската мерка.

Врз основа на утврдената фактичка состојба при контролниот инспекциски надзор:
-не се утрдени никакви неправилности во работењето на субјектот на надзор; односно субјектот на надзорот има постапено во целост по инспекцискиот акт-Решение Ип 1 бр. 57-8 од 7.2.2020 година.

10) Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаен претставникот на субјектот на надзорот, кој НЕМАШЕ/~~ИМАШЕ~~ забелешки .

11) Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот:

- ______________________________
- ______________________________

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на претставникот на субјектот на надзор: | | Печат и потпис на инспекторот за култура: | Сабина Синан |
| Датум: | 30.04.2020 | Датум: | 21.4.2020 г. |



Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk